Влада на Република Северна Македонија

# ***План за комуникација и видливост на Планот за раст за Западен Балкан и Реформската агенда 2024 - 2027 на Северна Македонија***

## 1. **КОНТЕКСТ**

**Планот за раст за Западен Балкан**[1] на ЕУ претставува фундаментална иницијатива која цел кон зајакнување на економската интеграција на регионот со Европската Унија (ЕУ), како и забрзување на социо-економската конвергенција. Со овој план на регионот му се нудат некои од придобивките од членството во ЕУ пред официјалното пристапување. Со зајакнување на регионална економска соработка и усогласување на вредностите, правилата и стандардите на ЕУ со тие на Западен Балкан, со планот се поставува основата за одржлив економски раст и долготрајна регионална стабилност.

За возврат, се очекува ова значително да го забрза процесот на проширување и растот на нивните економии. Економската конвергенција е клучен елемент во доближување на партнерите од Западен Балкан до ЕУ. Недостигот на конвергенција е големо прашања за регионот на Западен Балкан. Моментално изнесува од 30% до 50% од просекот во ЕУ и не напредува со задоволително темпо[2].

Планот за раст има потенцијал двојно да ги зголеми економиите во Западен Балкан во рамки на следната деценија. Новиот план за раст за Западен Балкан е структуриран околу четири столбови и цели кон:

- **Подобрување на економската интеграција со единствениот пазар на Европската Унија**, што е предмет на усогласување на Западен Балкан со правилата на единствениот пазар и отворање на релевантните сектори и области кон сите нивни соседи истовремено, во согласност со Заедничкиот регионален пазар.
- **Поттикнување на економската интеграција во рамки на Западен Балкан преку Заедничкиот регионален пазар,** врз основа на правилата и стандардите на ЕУ, кои можат потенцијално да го поттикнат економскиот раст за 10%.
- **Забрзување на фундаменталните реформи**, вклучувајќи го и кластерот за темелни вредности, поддржувајќи го патот на Западен Балкан кон членство во ЕУ и продлабочување на реформите, целејќи кон забрзување на растот во регионот, промовирајќи економска конвергенција и зајакнување на регионалната стабилност.
- **Зголемување на финансиската помош за поддршка на реформите преку Инструментот за реформи и раст** за Западен Балкан за период 2024-2027 година, како нов финансиски инструмент[3].

**Инструментот за реформи и раст** (ИРР) претставува трансформативна можност за Северна Македонија да го унапреди својот економски развој, да се усогласи со стандардите на Европската Унија (ЕУ) и да донесе материјални придобивки на нејзините граѓани. Како клучна компонента на *Новиот план за раст за Западен Балкан* на ЕУ, со овој инструмент се комбинираат финансиската поддршка со целните реформи со цел забрзување на регионалната интеграција и социо-економската конвергенција со ЕУ. Согласно Инструментот за реформи и раст, Северна Македонија ќе има придобивки од пакет од €6 милијарди за регионот на Западен Балкан, од кои 2 милијарди евра во грантови и 4 милијарди евра во концесиски заеми, кои зависат од успешно спроведување на реформите. Во октомври 2024 година, Европската комисија одобри €750,4 милиони[4] во неповратни грантови (€215,3 милиони) и поволни заеми (€535,1 милион) согласно ИРР, кои ќе бидат достапни кога земјата ќе ги исполни условите на кои се обврза во рамки на националната Реформска агенда.

Реформската агенда на Северна Македонија обрнува внимание на структурни промени и реформи потребни за модернизација на економијата, особено со поттикнување на зелената и дигиталната транзиција,

[1] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/growth-plan-western-balkans_en
[2] https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/eu-budget/performance-and-reporting/programme-performance-statements/reform-and-growth-facility-western-balkans_en
[3] Ibid.
[4] Информативен лист ЕУ-Северна Македонија 2024, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/67e9638a-c753-4b42-a740-56b4125fbfe0_en?filename=EU-North_Macedonia-factsheet-2024.pdf

модернизација на пазарот на труд, деловната средина и реформите кои ќе негуваат добро управување и зајакнување на темелните вредност за зголемување. Реформската агенда, исто така, ќе ја подобри способноста на Северна Македонија да ги спроведе обврските за членство и да го зголеми својот капацитет за ефективно спроведување на правилата, стандардите и политиките на законодавството на ЕУ[5].

Со подготвување и усвојување на **Реформската агенда според ИРР 2024-2027**, која го трасира патот за исплати согласно Инструментот за реформи и раст, **Северна Македонија** се обврза на социо-економски реформи и реформи на темелни вредност кои земјата ќе ги спроведе со цел да поттикне раст и конвергенција со ЕУ согласно Планот за раст.

**Реформската агенда според ИРР за Западен Балкан** воведува пристап кон поддршката на ЕУ кој се базира на постигнати резултати, обезбедувајќи дека средствата ќе бидат исплатени само по остварување на мерлив напредок во спроведувањето на клучните реформи. Овој механизам цели кон поттикнување на социо-економски раст, зајакнување на управувањето и усогласување на корисниците со стандардите на ЕУ, зацврстувајќи го патот на Северна Македонија кон европската интеграција.

Реформската агенда според ИРР не претставува само рамка на политика, туку претставува заедничка визија за тоа каде ЕУ и Северна Македонија треба да работат заедно како еднакви партнери со цел да постигнат целосна интеграција на земјата во Унијата. Реформите се создадени да донесат материјални придобивки, истовремено осигурувајќи усогласување со законодавството на ЕУ, промовирајќи ефикасно управување и негување на социо-економскиот развој.

Во таа насока, овој **План за комуникација и видливост (ПКВ) поврзан со помошта на Унијата за Северна Македонија согласно ИРР**, кој е подготвен со поддршка од ЕУ, цели кон приближување на придобивките од ИРР до граѓаните и засегнатите страни преку промовирање на транспарентноста, учеството и довербата. Планот ги истакнува партнерството и заедничките вредности меѓу Северна Македонија и ЕУ, нагласувајќи како реформите ќе доведат до отворање на работни места, подобрување на животните стандарди и посилни врски со Европа.

## 2. ПРАВНА РАМКА

Формалниот процес за пристапување[6] на Северна Македонија во Европската Унија започна со потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА)[7] на 9 април 2001 година. Со овој договор, кој стапи во сила на 1 април 2004 година, се воспостави рамка за соработка меѓу ЕУ и Северна Македонија, правејќи го првиот чекор кон членството во ЕУ.

Во март 2020 година, Европскиот Совет го одобри започнувањето на преговорите за пристапување со Северна Македонија. Првата меѓувладина конференција, која го означува официјалниот почеток на овие преговори и почетокот на процесот на скрининг, се одржа на 19 јули 2022 година. Процесот на скрининг заврши во декември 2023 година.

Следејќи го процесот за пристапување кон ЕУ, Планот за раст за Западен Балкан се заснова на неколку клучни правни документи и регулативи со кои се води спроведувањето, финансирањето и напорите за комуникација,

[5] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/commission-implementing-decision-approving-reform-agendas-and-multiannual-work-programme-under_en
[6] Статус на членството на Северна Македонија, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/north-macedonia_en
[7] Договор за стабилизација и асоцијација, https://www.mep.gov.mk/en/post/?id=17

обезбедувајќи Планот да биде во согласност со пошироките цели на ЕУ за социо-економски развој и интеграција на партнерите од Западен Балкан во ЕУ. Со нив се обезбедува неопходната структура за успешно спроведување и се нуди јасна мапа за патот на реформите на Северна Македонија. Подолу се главните правни основи и избори за оваа рамка:

1. **Планот за раст за Западен Балкан**[8] беше лансиран од страна на Комисијата на 8 ноември 2023 година. Оваа иницијата е главниот правен инструмент со кој се воспоставува Инструментот за реформи и раст, создаден да ги поддржи социо-економските реформи во Западен Балкан, вклучително и во Северна Македонија. Со него се поставуваат целта, опсегот и финансиските детали на инструментот, како и условите за плаќање кои се засноваат на успешно спроведување на квалитативните и квантитативните чекори. Исто така, со регулативата се опишуваат и општите услови за исплата на средства, осигурувајќи дека корисниците ќе ги исполнат клучните точки од конкретната реформа;
2. **Регулативата (ЕУ) 2024/1449** на Европскиот Парламент и Советот од 14 мај 2024 година за основање на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан;
3. **Одлуката на Комисијата (CID)** од 23.10.2024 година со која се одобруваат Реформските агенди и повеќегодишната работна програма согласно Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан;
4. **Работен документ на персоналот на комисијата (Северна Македонија)** Заедно со документот за Одлука на Комисијата со која се одобруваат Реформските агенди и повеќегодишната работна програма согласно Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан (SWD(2024) 244 финален);
5. **Реформската агенда според ИРР 2024-2027 година** го истакнува патоказот на Северна Македонија за спроведување структурни реформи со цел усогласување со стандардите на ЕУ, подобрување на управувањето и поттикнување на економскиот раст. Претставува клучна компонента од **Планот за раст на Западен Балкан** и служи како основа за пристап до финансиска поддршка согласно **Инструментот за реформи и раст, фокусирајќи се на следните области од политиката**: **владеење на правото и основни права, реформи во јавната администрација, дигитализација, зелена транзиција (енергија), човечки капитал, развој на приватниот сектор и бизнис средината.** *(Инструмент за реформи и развој за Западен Балкан, Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027)*
6. **Договорот за кредитна линија меѓу ЕУ и Северна Македонија** претставува официјален договор со кој се воспоставуваат условите според кои земјата пристапува до финансиската поддршка од **Инструментот за реформи и раст** на ЕУ. Претставува дел од поширокaта иницијатива на ЕУ за забрзување на социо-економската конвергенција, зајакнување на управување и усогласување на земјите од Западен Балкан со стандардите на ЕУ. *(Договор за кредитна линија потпишан меѓу Европската Унија и Северна Македонија за конкретни договори за спроведување на поддршката од Унијата кон Република Северна Македонија согласно Инструментот за реформи и раст и ратификуван од Собранието на Република Северна Македонија во јануари 2025 година и објавен во Службен весник на РСМ бр. 23/2025 од 4 март 2025 година)*
7. **Договорот за заем:** Макро-финансиска помош на Северна Македонија: ЕУ обезбеди макро-финансиска помош за поддршка на економската стабилизација и реформската агенда на Северна Македонија.

## 3. ПОТРЕБАТА ЗА ПКВ ПОВРЗАН СО РЕФОРМСКАТА АГЕНДА СОГЛАСНО ИРР

**Планот за комуникација и видливост** е од клучно значење за пренесување на придобивките од успешното спроведување на **помошта на Унијата согласно ИРР** во Северна Македонија, бидејќи има фундаментална улога во обезбедувањето дека сите релевантни засегнати страни се информирани, вклучени и инволвирани во реформскиот процес, секој на свое ниво.

Прво и најважно, **транспарентноста и одговорноста** се од клучно значење. Планот за реформи и раст претставува значаен извор за финансиска поддршка од ЕУ, кој цели кон забрзување на економскиот раст и

[8] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/2023-communication-new-growth-plan-western-balkans_en

олеснување на конвергенцијата на Западен Балкан со ЕУ. Транспарентноста директно придонесува за превенција од информации со намера погрешни и неточни во пристапувањето кон ЕУ и го намалува ризикот од ЕУ скептицизам на јавноста.

Понатаму, ефективната комуникација е клучна за **промовирање на вклученоста на клучните засегнати страни.** Успехот на Реформската агенда согласно ИРР зависи од активното учество на повеќе клучни чинители, во кои спаѓаат владините институции, граѓанското општество, бизнисите и индивидуалните граѓани. Вклучувањето на овие засегнати страни го зајакнува чувството на целосна вклученост, што е од клучно значење за долгорочен успех за спроведувањето на националните реформи.

Друг клучен аспект од Планот за комуникација и видливост е неговата улога во **поддржување на реформискиот процес и интеграцијата во ЕУ.** Клучен аспект на Планот за комуникација и видливост е да обезбеди дека граѓаните и засегнатите страни разбираат како реформите се поврзани со патот на Северна Македонија кон членството во ЕУ.

Понатаму, ПКВ ќе помогне во делот на **управување со очекувањата** и **подигнување на јавната свест.** Реформите и финансирањето поврзано со нив ги следат големи очекувања, како и предизвици и сложености. Бидејќи исплатите се условени со исполнување на конкретни реформи и чекори, важно е граѓаните и засегнатите страни да разберат кои се тие услови и како се исполнуваат.

Дополнително, со комуникацискиот план се подготвува Владата/МЕП и другите релевантни засегнати страни за **управување со кризи** и справување со отпорот или предизвиците, вклучувајќи го и предизвикот за дезинформации, кој истакнува дека **ПКВ ќе обезбеди воспоставување на јасни насоки за справување со овие предизвици на брз и ефективен начин**, истовремено нудејќи јасни пораки и корективни дејства за да се одржи моментумот и довербата во реформскиот процес.

На крајот, од клучно значење е дека ПКВ е во согласност со **насоките за комуникација и видливост на ЕУ**[9] и воспоставените протоколи за пренесување на поддршката на ЕУ, вклучувајќи ги и условите за ЕУ видливост и изјавите за финансирање.

## 4. Клучната улога на ПКВ

Добро структуриран и спроведлив ПКВ е клучен за ефективна комуникација на спроведувањето на реформите во Северна Македонија согласно ИРР. Тој создава структура за јасно пренесување на придобивките од реформите, премостувајќи го јазот меѓу техничките процеси и разбирањето на јавноста.

Вклучување на клучните засегнати страни преку насочена комуникација е од клучно значење за градење на поддршката и довербата во реформите. ПКВ потекнува од Рамката за стратешка комуникација[10] поврзана со помошта на ЕУ во Северна Македонија како општ чадор за стратешка комуникација за поддршката од ЕУ, вредностите на ЕУ и интеграцијата на Северна Македонија во ЕУ, со тоа нагласувајќи ја посветеноста на ЕУ и Северна Македонија на негување на одговорноста и заедничкиот раст, обезбедувајќи дека граѓаните се добро информирани за материјалните придобивки од реформите.

## 5. ГЛАВНИ ЦЕЛИ

[9] https://international-partnerships.ec.europa.eu/knowledge-hub/communicating-and-raising-eu-visibility-guidance-external-actions_en

[10] Рамката за стратешка комуникација поврзана со помошта од ЕУ е во нацрт фаза и се очекува да биде официјално усвоена од Владата/Министерството за европски работи на Република Северна Македонија.

Клучната цела на овој ПКВ е стратешката комуникација на поддршката за **полноправно членство на Северна Македонија во ЕУ** и разбирање на **практичните придобивки од поблиската интеграција и пристап во ЕУ.** ПКВ цели кон истакнување на конкретните придобивки за граѓаните на Северна Македонија, како и охрабрување на засегнатите страни и вклученоста на различните целни групи во консултациските процеси поврзани со реформите на земјата. Понатаму, со негување на транспарентноста и отворениот дијалог, планот цели кон **зајакнување на довербата на јавноста во реформскиот процес**, уверувајќи ги граѓаните дека реформите се спроведуваат одговорно и ефективно.

На крајот, со планот се предвидува комуникација која се базира на **конкретни социо-економски подобрувања за граѓаните и бизнисите**, вклучувајќи и создавање на нови работни места, економски раст и подобрени јавни услуги. Како што реформите сé поблиску ја усогласуваат Северна Македонија со стандардите на ЕУ, граѓаните и бизнисите ќе ги искусуваат придобивките од поинтегрирана и конкурентна економија. Овие видливи подобрувања нема само да ја валидираат Реформската агенда согласно ИРР туку ќе инспирираат и поширока поддршка за тековните напори за напредок на интеграцискиот пат на нацијата до ЕУ.

__**Посебни цели:**__

1. **Зголемување на свеста за можностите и ефектите** – Информирање на клучните чинители и општата јавност за можностите и придобивките обезбедени преку Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.
2. **Промовирање на вклученоста на потенцијалните корисници** – Активно охрабрување на бизнисите, граѓанското општество, јавните институции и другите релевантни засегнати страни да учествуваат во националната Реформска агенда согласно ИРР.
3. **Запознавање на корисниците со нивните одговорности** – Едуцирање на корисниците и партнерите за нивните улоги и одговорности во активностите финансирани од ЕУ.

## 6. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КЛУЧНИ ПОРАКИ

__ПКВ ќе се фокусира на следните главни целни публики:__

| ***Целна публика*** | ***Цел:*** | ***Клучни пораки*** |
|---|---|---|
| **Општа јавност** | Градење широко разбирање за социо-економските придобивки од реформите. | *Реформите ќе ги зголемат економските можности, создаваат нови работни места и го подобруваат животниот стандард за секој граѓанин во Северна Македонија.* |
| **Млади луѓе** | Зајакнување на улогата и зголемување на вклученоста на младите. | *ИРР/Реформската агенда создава можности за тебе – подобро образование, работни места и шанса да ја обликуваш твојата иднина.* |
| **Целни корисници** | Зголемување на свеста за придобивките од реформите. | *Зајакни го твојот раст и искористи ги можностите преку Реформската агенда – стани дел од програмите финансирани од ЕУ за да го подобриш твојот бизнис, организација или заедница.* |
| **Медиуми и медиумски работници** | Дејствуваат како мултипликатор за ширење точни информации и дополнително објаснување на улогата на активностите поврзани со РА. | *Вашата улога како веродостоен партнер во процесот е од клучно значење – поддршка во комуницирањето со јавноста на целите, можностите и успесите на Реформската агенда.* |

| | | |
|---|---|---|
| **Креатори на политики и интерни клучни чинители** | Координирање и промовирање на усогласувањето со националните политики и политиките на ЕУ. | *Градење соработки и ефективно спроведување на реформите е витално за напредокот на Северна Македонија - усогласување на политиките и напорите за одржлив раст и интеграција во ЕУ.* |
| **Заинтересирана публика** | Вклучување на заинтересираните граѓани и организациите во конкретни области на политики. | *Останете информирани и вклучете се – Реформската агенда е во согласност со вредностите на ЕУ и се осврнува на клучните приоритети од политиките кои се значајни за вас и за заедницата.* |

Сите клучни пораки треба да ги „преведуваат“ активностите од сите реформски проекти и активности во придобивки кои ја вклучуваат пошироката јавност. Пораките треба да се засноваат на премисата за заедничка посветеност кон реформи на ЕУ и Северна Македонија, како и дека реформите не се само за земјата да ги исполни стандардите на ЕУ, туку и да ги подобри секојдневните животи на граѓаните преку создавање нови работни места, негување економска стабилност и придружување до демократските начела и владеење на правото, како и целта за полноправно членство на Северна Македонија во ЕУ.

## 7. КОМУНИКАЦИСКИ ФАЗИ

Во првичниот период на спроведување, акцентот ќе биде ставен на комуникацијата на програмските документи, износот на достапни средства, планираните реформи и појаснување на отворените прашања поврзани со ИРР. Во вториот период на спроведување, комуникацијата треба да се фокусира на резултатите и ефектите од употребата на средствата од Инструментот. Исто така, во текот на процесот, треба да се осигура дека во сите фази се остварува соработка со Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија.

Со ПКВ се предвидува пристап преку две фази: Првата фаза осигурува рана свест и вклучување, додека со втората фаза се зајакнува довербата и кредибилитетот преку конкретни постигнати резултати. Овој пристап негува одржлива поддршка од јавноста и значајно учество во спроведувањето на Инструментот за реформи и раст.

Во **првичната фаза**, фокусот на комуникацијата ќе биде на **зголемување на свеста** и обезбедување **јасност за клучните елементи од Програмата**. Ова вклучува:

- Промовирање на програмските документи, објаснување на нивните цели и опсег;
- Поттикнување на раст и отворање на можностите преку вклучување во Реформската агенда согласно ИРР – користење на програмите финансирани од ЕУ кои целат кон подобрување на бизнисите, организациите или заедницата;
- Спроведување сесии за прашања и одговори, работилници и информативни активности за да се одговори на отворените прашања и да се обезбеди дека потенцијалните корисници и општата јавност ги разбираат можностите и условите од националната Реформска агенда;

Како што напредува спроведувањето на ПКВ, акцентот ќе се стави на **прикажување на конкретните резултати и влијание** постигнати преку средствата од Инструментот. **Втората фаза** вклучува:

- Пренесување успешни приказни со кои се прикажуваат придобивките од реформите за граѓаните, бизнисите и институциите;
- Истакнување на конкретните исходи преку визуелно раскажување, како што се инфографици, видеа и сведоштва од корисниците;
- Организирање настани и кампањи за одбележување на пресвртните точки и постигнувањата, зајакнувајќи ја довербата и вклученоста на јавноста.

Со поделба на комуникациските напори на две различни фази – **подигање на јавната свест и вклучување** проследено со **резултати и влијание** – стратегијата ќе обезбеди дека информациите се доставуваат на јасен, навремен и влијателен начин. Овој пристап со фази не само што ќе ги вклучи клучните засегнати страни, туку и ќе изгради силна нарација околу придобивките од реформите согласно ИРР, зголемувајќи ја довербата на јавноста во процесот и усогласувајќи ја комуникацијата со вредностите на ЕУ за **транспарентност, отчетност** и **заеднички раст**.

## 8. КАНАЛИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Клучните пристапи вклучуваат, но не се ограничени на:

- **Вклучување на медиумите:** Прес конференции, изјави за медиуми, соопштенија за медиуми и појавување во емисии со цел зајакнување на испраќањето на конзистентни пораки преку медиумски канали со стекната јавна доверба.
- **Сегментиран медиумски опсег:** Известувања во електронските и печатените медиуми, како и таргетирани кампањи на платформите за социјални медиуми со цел да се зголеми видливоста.
- **Директно вклучување:** Конференции, семинари, работилници, брифинзи и друг видови на јавни настани создадени со цел директно поврзување со (потенцијални) корисници и општата јавност.
- **Печатени и промотивни материјали:** Изработка на публикации, летоци, постери и промотивни производи со цел ефективно пренесување на клучните пораки.
- **Интерактивни иницијативи:** Натпревари, игри со награди и квизови за вклучување на публиката на иновативен начин на учество. Да се предвиди и вклучување на инфлуенсери и други видови на иновативни кампањи, кои ќе се развиваат во соработка со младата публика.
- **Дигитално присуство:** Воспоставување силно онлајн присуство преку официјална веб-страница и унифицирани комуникациски канали на социјалните медиуми, користејќи медиумски производи за вклученост како што се инфографици, видео клипови и интерактивна содржина.

## 9. БРЕНДИНГ И ВИДЛИВОСТ

Активностите за комуникација и видливост ќе бидат спроведени во согласност со Насоките за комуникација и видливост на ЕК[11].

**Наменска веб-страница посветена на спроведување на Планот за раст** е од клучно значење со цел да се обезбеди транспарентноста, вклученоста и инклузивноста на реформските процеси. **Оваа платформа постојано ќе ги обезбедува сите информации (информација на едно место) и ќе ги нагласува придобивките од реформите, обезбедувајќи дека** сите клучни засегнати страни можат лесно да пристапат до информации за напредокот, исходите и влијанието на реформите, но и да служи како дополнителна платформа за следење и известување.

Со цел да се осигура дека комуникациските напори поврзани со ИРР се конзистентни, професионални и лесно препознатливи, од клучно значење е да се изработи **пакет за видливост** кој ќе ги содржи клучните визуелни елементи како **лого, шеми на бои,** типографија и други детали за дизајн.[12] Овие визуелни компоненти ќе бидат од огромна важност за градењето на силен бренд идентитет, зајакнување на препознатливоста во јавноста, истакнувајќи ја усогласеноста помеѓу поставената цел на Северна Македонија за раст и нејзиниот пат кон полноправно членство во ЕУ.

---

[11] https://international-partnerships.ec.europa.eu/knowledge-hub/communicating-and-raising-eu-visibility-guidance-external-actions_en

[12] Ова дејство е детално објаснето во Анекс 1 од овој документи.

Исто така, треба да се направи **книга за утврдување на брендот** (анг. *brandbook*) со цел да се обезбеди дека визуелниот идентитет конзистентно се применува во сите комуникациски материјали. Во овој сеопфатен водич ќе биде опишано како да се користи логото, шеми на бои, типографијата и другите елементи за дизајн во различни контексти, вклучувајќи извештаи, презентации, веб-страници, социјални медиуми и јавни настани. Во книгата за утврдување на брендот ќе бидат наведени јасни правила за кобрендирање со логоата на ЕУ и како да се одржи идентитетот на Планот за раст низ сите формати.

Од огромна важност е употребата на визуелниот идентитет да се следи редовно со цел да се обезбеди усогласеност и да се процени ефективноста на стратегијата за комуникација. Доколку е потребно, ќе се направат дополнителни прилагодувања, кои ќе се засноваат на повратните информации од јавноста и проценката од влијанието на брендирањето.

## 10. СЛЕДЕЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Известувањето за активностите поврзани со комуникацијата и видливоста од страна на државните органи ќе се прави во согласност со условите наведени во договорот за Инструментот или кои било други насоки кои може ЕК да ги издаде во врска со ИРР и Националната програма за Реформската агенда.

Ова вклучува, но не е ограничено на: 1) **Редовни ажурирања:** Активностите за комуникација ќе бидат следени и евалуирани со цел да се обезбеди усогласување со целите; и 2) **Известување**: Надлежните државни институции ќе спроведат известување во согласност со условите на ЕК: *„Корисникот е обврзан да поднесува редовни извештаи за спроведувањето на Планот за комуникација и видливост како дел од барањето до Комисијата за ослободување на средствата. Овој извештај ќе биде дел од редовните процени.“*

## 11. СТРУКТУРА НА СПРОВЕДУВАЊЕ И ВНАТРЕШНА КООРДИНАЦИЈА

Владата на Северна Македонија/МЕП ќе врши редовна координација со ЕК, Делегацијата на ЕУ и ќе ги усогласува активностите со тековните иницијативи, програми и проекти со цел мултиплицирање на комуникациските активности и капитализација.  Ова усогласување ќе придонесе за максимално зголемување на влијанието од комуникациските напори во рамки на ИРР, зголемувајќи ја нивната ефективност и капитализирајќи преку градењето синергии со различни клучни чинители. Владата/МЕП ќе обезбеди дека ПКВ е хармонизиран со националните приоритети и приоритетите на ЕУ за КВ, обезбедувајќи конзистентност и најшироко можно информирање.

Дополнително, МЕП ќе игра клучна улога во олеснувањето на координацијата меѓу националните органи и органите на ЕУ. МЕП ќе ја надгледува интеграцијата на активностите за комуникација на ПКВ во пошироката Национална рамка за стратешка комуникација[13] поврзана со помошта на ЕУ и Националната стратегија за европска интеграција.

Понатаму, одговорноста на МЕП ќе ја опфати и обврска дека внатрешната координација на спроведувањето на ПКВ се организира на ефикасен начин, вклучувајќи и поднесување на официјални извештаи до Владата и Делегацијата на ЕУ на редовна, на пр. на квартална основа.

## 12. ПРЕДЛОЖЕНИ АКТИВНОСТИ, ТРОШОЦИ И ИНДИКАТИВНИ РОКОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНИТЕ ВО РАМКИ НА ПКВ

[13] Националната рамка за стратешка комуникација поврзана со помошта на ЕУ е во нацрт фаза и се очекува официјално да биде усвоена од страна на Владата/Министерството за европски прашања на Република Северна Македонија.

| Предлог активност | Целна група | Имплементатор/ вклучени страни | Начин на реализација | Временска рамка и зачестеност | Проценка на трошоци | Индикатори за успех (ИКИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кампањи за зголемување на јавната свест** | | | | | | |
| **Лансирање и спроведување на сеопфатна комуникациска кампања** | Општа јавност | Тим за комуникација, надворешна агенција и експерти за комуникација | Создавање и спроведување интегрирани кампањи користејќи ТВ, радио, социјални медиуми и надворешно рекламирање. | Квартално, 2025-2026 *(лансирање во јуни 2025 година)* | € 150,000 | Зголемена јавна свест (измерена преку истражувања, анкети и метрика за медиумска информираност) |
| **Изработка на наменска веб-страница за спроведување на Планот за раст** | Општа јавност, сите групи | ИТ тим, креатори на содржини, даватели на ИТ услуги | Изработка на веб-страница каде постојано се објавуваат сите информации (информација на едно место) (на пр. www.growthplan.gov.mk) која ќе ги содржи најнови информации, следење на реформите, приказни на корисниците и визуелни материјали. На самиот почеток, поддомен може да биде привремено решение. | Лансирање во 2025 година, а потоа се продолжува со ажурирање и одржување (2025-2027) | € 10-20,000 | Посетеност на веб-страницата (аналитика); метрика за вклученост (поминато време, споделувања, симнувања, кликови) |
| **Насочено информирање** | | | | | | |
| **Сесии за прашања и одговори** | Разни целни групи | МЕП и други официјални владини претставници, Делегација на ЕУ | Интерактивни сесии за Инструментот за реформи и раст | Квартално, 2025-2027 | €30,000 | Бројки за присутност на информативните сесии |
| **Одржување на вебинари за можностите од Инструментот за реформи и раст** | Заинтересирана публика запознаена со технологиите за далечинско комуницирање | Тим за комуникации, ЕУ експерти, вработени во Центарот за обука при МЕП, Делегацијата на ЕУ | Обезбедување постојано учење преку вебинари организирани од страна на Центарот за обука при МЕП | Квартално, 2025-2027 | €20,000 | Број на спроведени вебинари, аналитика од вклученост |
| **Истакнати успешни приказни** | Општа јавност, сите групи | Новинари, сниматели, тимот за комуникации | Видео/документарни серии кои ги прикажуваат придобивките | Полугодишно, 2026-2027 | €60,000 | Број на изработени видеа, прегледи и споделувања на социјални медиуми |

| Предлог активност | Целна група | Имплементатор/ вклучени страни | Начин на реализација | Временска рамка и зачестеност | Проценка на трошоци | Индикатори за успех (ИКИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | при МЕП, Делегација на ЕУ | од Инструментот за реформи и раст | | | |
| **Партнерства и односи со медиумите** | | | | | | |
| **Брифинзи со медиумите за информирање за напредокот на ИРР** | Новинари, медиуми | Кабинетот на МЕП и тимот за комуникации на МЕП, Евроамбасадорот во Скопје | Месечни, редовни брифинзи со медиумите за клучните точки и постигнувањата, вклучувајќи и 2-4 настани надвор од Скопје + посети на Брисел | Месечно, 2025-2027 | €60,000 | Број на одржани брифинзи (12 годишно); медиумска покриеност (70+ статии/годишно), средби во ЕУ институции |
| **Брифинзи со ГО за информирање за напредокот на ИРР** | Граѓански организации | Кабинетот на МЕП и тимот за комуникации на МЕП, Евроамбасадорот во Скопје | Состаноци за информирање на ГО за клучните точки и постигнувања | Полугодишно, 2025-2027 | €10,000 | Број на одржани брифинзи |
| **Брифинзи со ЗЕЛС за информирање за напредокот на ИРР** | Локална само управа, граѓани | Тим за комуникација на МЕП, ЗЕЛС, Делегација на ЕУ | Заеднички активности за промовирање на придобивките од ИРР на општинско ниво. | Годишно, 2025-2027 | €25,000 | Број на одржани локални настани, повратни информации за подигање на јавната свест за придобивките од ИРР на локално ниво |
| **Брифинзи со бизнис заедницата** | Бизнис заедница | Тим за комуникации на МЕП, стопанските комори, Делегација на ЕУ | Заеднички активности за промовирање на придобивките од ИРР од интерес за бизнис заедницата | Полугодишно, 2025-2027 | €10,000 | Број на одржани состаноци |
| **Дигитална вклученост** | | | | | | |
| **Лансирање кампања со хаштаг (како #RGF или #GrowthPlan2025)** | Млади луѓе, корисници на социјални медиуми | Тимот за комуникација на МЕП и експерти за социјални медиуми | Вклучување на публиката преку содржини генерирани од корисници и трендовски хаштагови, вклучувајќи кампањи со таргетирани реклами на социјалните медиуми | Постојано, 2025-2027 | €45,000 | Метрика за вклученост (број на споменати хаштагови); зголемување на бројот на следбеници (% од зголемувањето на годишно ниво) |

| Предлог активност | Целна група | Имплементатор/ вклучени страни | Начин на реализација | Временска рамка и зачестеност | Проценка на трошоци | Индикатори за успех (ИКИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изработка на инфографици за придобивките од ИРР за целните групи** | Општа јавност, бизниси | Тимот за комуникација на МЕП, маркетинг агенција | Сензибилизирање на пошироката публика и конкретните целни групи со конкретните придобивки и резултати од спроведувањето на ИРР | Квартално, 2025-2027 | €20.000 | Досег на инфографиците до корисниците на социјални медиуми (број на прегледи); споделувања/симнувања (број на годишно ниво) |
| **Внатрешна и надворешна комуникација и координација** | | | | | | |
| **Воспоставување и спроведување на систем за координација на активности** | Внатрешни и надворешни клучни чинители | Тимот за комуникации на МЕП, ресорни министерства и тимови за надворешна комуникација... | Дефинирање на улогите во дел на планирање, извршување и известување. Обезбедување дигитална трага за сите активности и дејства на наменската веб-страница на ИРР (главен дигитален регистар за сите дејства) | Системот за координација официјално да се воспостави во април 2025 година, тековен процес | €30,000 | Број на состаноци за координација; записници од состаноците, активности за градење тим и капацитет |
| **Создавање на книга за утврдување на брендот (анг. Brandbook) објавена на веб-страницата на ИРР за надворешна употреба и пакет за видливост** | Внатрешни и надворешни засегнати страни | Надворешни експерти за брендирање/агенција, тимот за комуникација на МЕП | Развој на лого, шема на бои и насоки за брендот за целата комуникација; координација со министерствата и другите засегнати страни | Прва половина на 2025 година | €10.000 | Користење на книгата за утврдување на брендот во кампањите (100% почитување); организирање на фокус групи за добивање мислења за предложена книга за утврдување на брендот, користењето на книгата за утврдување на брендот од засегнатите страни |